Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# е-Плаќање на персонален данок

*etax.ujp.gov.mk*



Инфо центар 0800 33 000
е-Пошта info@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk

*Заштедете време, не чекајте повеќе на шалтери. Користете ја новата услуга „е-Плаќање на даноци“ за да вршите електронско плаќање и проверка на состојбите за Персоналниот данок, од било кое место и во секое време.*

## Како да се регистрирате за е-Плаќање на персонален данок?

Постапката на регистрација за е-Плаќање на даноци е бесплатна за граѓаните. Не е потребен дигитален сертификат! Креирајте ваш кориснички профил на електронскиот сервис е-Плаќање на даноци https://etax.ujp.gov.mk со избор на менито “Регистрирај се“ и следете ја процедурата.

- Услугата за е-Плаќање автоматски е овозможена (без дополнителна регистрација) на регистрираните корисници на е-Радиодифузна такса.
- На граѓаните (обврзници на ПДД) кои се регистрирани во системот за е-Даноци со дигитален сертификат, автоматски им е овозможена (без дополнителна регистрација) услугата е-Плаќање на даноци.

## Електронско плаќање на даноци со безготовинска картичка

Услугата за е-Плаќање на даноци со безготовинска картичка можат да ја користат граѓаните за плаќање на персоналниот данок.
Граѓаните можат да вршат он-лајн плаќање на Персоналниот данок со Visa, Maestro и MasterCard безготовинска картичка (кредитна и дебитна) издадена од домашна банка.

## Он-лајн проверка на даночните долгови

е-Плаќање на даноци ви овозможува да вршите он-лајн увид во евиденцијата, преглед на платени и неплатени даночни обврски за Персонален данок.
На овој начин во секое време можете да ја проверувате последната состојба на вашите даночни долгови, вклучувајќи ги и долговите за Радиодифузна такса и ДДВ.

Избери го полесниот пат!